НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО

NAMI ADVISORY



2025



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


Правна форма и сопственичка структура

Членство во професионална мрежа

Управувачка структура

Внатрешен систем на контрола на квалитет

Проверка за уверување на квалитетот на ревизорот

Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

Независност

Континуирано професионално усовршување

Финансиски информации

Хонорар на овластениот ревизор

Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Изјава за независното работење на Друштвото

Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување




# Правна форма и сопственичка структура

Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО СКОПЈЕ е лиценцирано друштво за ревизија, со лиценца издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Друштвото е основано во ноември 2025 година со главна приходна шифра 69.200 Сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности, даночно советување, во согласност со важечките прописи во Република Северна Македонија.

Во регистарот на овластени друштва за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Р.С.Македонија се води под регистарски број ДР 043.



# Правна форма и сопственичка структура

## Сопственост

Основната главнина на Друштвото изнесува 5.000 ЕУР.
Сопственици на Друштвото се овластените ревизори:

- Ристе Златевски 50%, односно 2.500 ЕУР,
- Симона Дрндаревска Златевска 50%, односно 2.500 ЕУР.

## Вработени

Со состојба на 31.12.2025 година во Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО се вработени 2 лица, на неопределено полно работно време.

Вработените лица се овластени ревизори: Ристе Златевски и Симона Дрндаревска Златевска.



# Правна форма и сопственичка структура

## Годишно осигурување

Друштвото е осигурено од одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршење на својата професионална дејност - работи на ревизија, според полиса број 13001O095373 со годишен агрегатен лимит од 60.000 ЕУР и по штетен настан за период од 25.11.2025 до 25.11.2026.



# Членство во професионална мрежа

На 31 декември 2025 година, Друштвото не е член на меѓународна ревизорска мрежа и работи како независно ревизорско друштво.

# Управувачка структура

Со Друштвото управува управителот Симона Дрндаревска Златевска, која е одговорна за донесување стратешки одлуки, усогласеност со професионалните стандарди и воспоставување систем за контрола на квалитет.



Во текот на 2025 година во друштвото се вработени два овластени ревизори:

- Ристе Златевски - Партнер
- Симона Дрндаревска Златевска - Партнер, Управител

## Изјава од управителот

Управителот потврдува дека овој Извештај за транспарентност е изготвен во согласност со важечките законски барања и веродостојно ја прикажува структурата, управувањето и активностите на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

# Внатрешен систем на контрола на квалитет



Друштвото НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО Скопје има воспоставено внатрешен систем на контрола на квалитет кој е дизајниран да обезбеди разумно уверување дека:

- друштвото и неговите вработени ги почитуваат професионалните стандарди и законските барања;
- издадените извештаи се соодветни во дадените околности.

Системот на контрола на квалитет е воспоставен во согласност со Меѓународните стандарди за управување со квалитет (ISQM 1) и релевантните национални прописи, и опфаќа:

- одговорност на раководството за квалитетот;
- релевантни етички барања, вклучувајќи независност;
- прифаќање и продолжување на односите со клиенти и ангажмани;
- човечки ресурси и компетентност;
- извршување на ангажманите;
- мониторинг и процес на континуирано подобрување.

Одговорноста за воспоставување, имплементација и одржување на системот на контрола на квалитет ја има управителот на Друштвото.

Друштвото е посветено на континуирано унапредување на системот на квалитет со цел обезбедување највисоко ниво на професионални услуги во согласност со меѓународните стандарди.



# Проверка за уверување на квалитетот на ревизорот

Во 2025 година не беше спроведена надворешна контрола на квалитет, бидејќи Друштвото не вршеше ревизорски ангажмани по неговото основање.

# Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

Во годината што завршува на 31 декември 2025 година, Друштвото нема извршено ревизии.

# Независност

Друштвото има усвоено Политика за независност, која опфаќа:

- Годишна писмена изјава за независност од страна на сите вработени;
- Писмена изјава за независност пред прифаќање на нов ангажман;
- Идентификација и оценка на потенцијални закани за независноста;
- Примена на соодветни заштитни мерки за елиминирање или намалување на заканите на прифатливо ниво.



# Континуирано професионално усовршување

Овластените ревизори ги исполнуваат обврските за континуирано професионално усовршување согласно барањата на релевантната професионална институција.

# Финансиски информации

Друштвото е основано во ноември 2025 година и во периодот до 31 декември 2025 година нема остварено приходи. Активностите во овој период беа ограничени на организациско воспоставување, добивање лиценца и подготовка на интерни политики и процедури.

# Хонорар на овластениот ревизор

Овластените ревизори примаат месечна плата согласно законските прописи во Република Северна Македонија. Хонорари за други надомести не се исплатуваат.

Прилог 1

# Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Управителот на Друштвото НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО Скопје изјавува дека внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото ефикасно функционира. Управителот потврдува дека воспоставениот систем на контрола на квалитет е соодветен на големината и природата на работењето на Друштвото и обезбедува основа за ефективно функционирање.

| Место и датум | Управител |
| --- | --- |
| Скопје, 20.02.2026 | Симона Дрндаревска Златевска |

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО • СКОПЈЕ •

Прилог 2

# Изјава за независното работење на Друштвото

Управителот на друштвото НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО Скопје изјавува дека Друштвото работи независно, во согласност со воспоставените политики и процедури за идентификација, оценка и управување со потенцијалните закани за независноста, како и механизми за обезбедување усогласеност со барањата за независност од страна на сите ангажирани лица, кои успешно се спроведени.

| Место и датум | Управител |
| --- | --- |
| Скопје, 20.02.2026 | Симона Дрндаревска Златевска |

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг
НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО
СКОПЈЕ

Прилог 3

# Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување

Управителот на Друштвото НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО Скопје изјавува дека Друштвото е посветено на континуирано професионално усовршување и одржување на високо ниво на стручност и компетентност на овластените ревизори и сите вработени, во согласност со законските обврски, барањата на професионалните тела и политиката на Друштвото.

| Место и датум | Управител |
|---|---|
| Скопје, 20.02.2026 | Симона Дрндаревска Златевска |

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО • СКОПЈЕ •

НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО

NAMI ADVISORY





# БЛАГОДАРНОСТ

## КОНТАКТИ

Ристе Златевски 075 800 220
Симона Дрндаревска Златевска 078 585 939

namiadvisory.global@gmail.com